ОКТА АД – Скопје
Бр.0201- 2797/5
22.05.2014

Врз основа на член 25 став 1 точка 3 и член 43 од Статутот на ОКТА и член 344 став 1,3,4 и 5, член 365 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва, како и Предлог-Одлуката бр.0202-1117/4-1 од 25.02.2014 донесена од Одборот на директори, Годишното Генерално Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својот 24-ти состанок одржан на 22.05.2014 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## За избор на членови
## на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје

### Член 1

Разгледувајќи го предлогот даден од мнозинскиот акционер ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А. за избор на членови на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје,

1. Г-дин Николаос Скандалис и
2. Г-дин Јоанис Розис

Се избираат за членови на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, за мандатен период од 6 (шест) години почнувајќи од 22.05.2014 година.

### Член 2

Според вообичаената пракса, за секој состанок ќе бидат платени патните трошоци и трошоците за сместување за неизвршните и независните членови на Одборот на директори. За членовите на Одборот кои се вработени во групата на компании на Хеленик Петролеум кои патуваат од Грција до Скопје за да учествуваат на состанокот на Одборот на директори, овој надоместок за секој состанок има карактер на службено патување, а не на надомест.

Дополнително, неизвршните и неизвршните независни членови на Одборот на директори ќе примат надоместок еднаш годишно во нето износ од 5.000 (петилјади) евра. Овој износ е според искажаната желба на главниот акционер и кореспондира со ¾ од годишниот надоместок на членовите на Одборот на директори на акционерската компанија. Никаква друга компензација над тој износ нема да биде дадена.

### Член 3

Се овластува Вијолета Радовиќ да ја поднесе пријавата за упис во трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач